РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП

Врз основа на чл.88 ст.1 од Законот за судовите, чл.13 ст.1 од Судскиот деловник, а во врска со Уредбата за критериумите, начинот на давање и примање на дарови, пријавување на даровите, начинот на процена на даровите, начинот на доплата за личен дар, како и користењето, чувањето и евиденцијата на стварите што станале државна сопственост по пат на дар, како и Уредба за начинот на располагање со примените подароци, начинот на управување со евиденцијата на примените подароци и други прашања во врска со примањето на подароци, Претседателот на Апелационен суд Штип,Тони Делев, на ден 27.11.2023 година го донесе следниот

# П Р А В И Л Н И К

## за постапување со подароци, погодности и гостопримства

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### член 1

Со овој правилник се уредува начинот на постапување со подароци, погодности и гостопримства во Апелационен суд Штип.

### Член 2

Оделни изрази употребени во овој Правилник го имаат следното значење:

Подарок – било какво материјално или нематеријално добро, придобивка која има определена вредност и се нуди или прима на или од службено лице во рамките на должностите што ги врши. Подарокот може да се манифетира во голем број форми, односно може да биде недвижен имот, движен имот, отстапување на некое право, отпис на долг или превземање на долг без надомест или со несоодветна надомест.Подароците се генерално опипливи и мегу другото може да вклучуваат предмети како што се добра за широка потрошувачка,промотивни материјали, книги, сувенири, уметнички слики, ваучери и пари, но и во вид на попусти на стоки и услуги.

Погодност – подразбира повластен третман, привилегиран пристап, услуга или други предности.Погодностите се начелно нематеријални и вклучуваат лични услуги, понуди за работа,покани на спортски и други настани со забавен карактер кои носат лична придобивка за поединецот.

Гостопримство – подразбира нудење и прифакање на разни покани за приеми и патувања.Примери за гостопримство се деловни и други официјални настани,

деловни патувања и сместувања, учества на конференции, деловни ручеци, како и давање на други случни услуги.

## НАЧИН НА ПОСТАПУВАЊЕ СО ПОДАРОЦИ

### член 3

Претседателот на судот, судиите и судската администрација  кои се определени да го претставуваат судот, можат да примаат подароци во прилики во кои вообичаено се даваат подароци како  вообичаените протоколарни и повремени подароци со ниска вредност како што се цвеќиња, кондиторски производи, книга или пијалок, може да се примаат кога се дадени како знак на укажување на почит при вообичаени прилики, како на пример при означување на одредени годишнини, Нова Година и слични празнични прослави но, во вредност, на начин, под услови и во постапка, утврдени во важечките закони и подзаконски акти за јавниот сектор

Претседателот на судот, судиите и судската администрација  кои се определени да го претставуваат судот, можат да даваат подароци во прилики во кои вообичаено се даваат подароци на претставници на странски држави, нивни органи и организации, меѓународни организацииили странски правни и физички лица и локални органи во знак на соработка, благодарност и почит.

### член 4

Лицата наведено во член 3 од овој акт не смеат да ја користат својата функција/работно место заради остварување имотна , финансиска или друга корист за себе или за друг, како и да бараат и да примаат подарок за вршење на својата функција/работно место.

### Член 5

Лицата наведени во член 3 од овој акт, може во име на судот да даваат подароци од домашно производство .

Како подароци не може да се даваат подароци кои имаат културно, историско и археолошко зналење и вредност за Република Северна Македонија, а кои се заштитени со закон.

### Член 6

Лицата наведени во член 3 од овој акт може да примаат подароци кои по примањето стануваат ствари во државна сопственост, освен подароците кои се личен дар, согласно закон и подзаконски акти.

Судот е должен по пријавувањето на подароците да обезбеди навна проценка.

Проценката на примените подароци  ја вршат овластени проценители согласно законот за проценка и истата се евидентира како сметководствена вредност на ствартa.

Член 7

Лицата наведени во член 3 од овој акт не смее да бараат подароци, погодности или гостопримство како предуслов за извршување на одредена трансакција која е во рамките на неговите редовни работни активности;

Лицата наведени во член 3 од овој акт:

а) не смее да прифаќаат подарок, погодност или гостопримство во ситуации кога службеното лице е вклучено во процесот на носење одлука во врска со физичкото или правното лице кое го нуди подарокот, погодноста или гостопримство , ниту да прима готовина или предмети што лесно се претвораат во готовина, на пример, акции, удели;

б)подарок како квалификација на кривично дело;

в) да прифаќа подароци, погодности или гостопримство од членовите на семејството на службеното лице во негово име

Член 8

За подароците кои ги примаат лицата овластени да го претставуваат судот, а кои се од редот на стручните и административните службеници, се применува одредбата за начинот на располагање со примени подароци, начинот на управување со евиденциоја на примени подароци и други прашања во врска со подароци(Сл.в. на РМ бр.153/14)

Член 9

Вработените во судот не смеат да примаат подароци поврзани со нивната работа. Примањето на подароци или друг вид на корист е дисциплински престап што претставува потешка повреда на службената должност, работната дисциплина и угледот на институцијата.

Вработените во судот се обврзани да ги предупредуваат дарителите дека не смеат да примаат подароци. Во случај дарителот да инсистира на примање на подарокот, вработениот е обврзан да го достави подарокот на претпоставениот.

Член 10

Податоците за примените подароци, нивната вредност, дарители и други околности се внесуваат во евиденција на подароци.

Член 11

Судот води евиденција за дадени и примени подароци.

Евиденцијата на подароци ги содржи следните податоци:

- -Податоци за службено лице кое дало подарок
- -Податоци за службено лице кое примило подарок
- -Податоци за субјектот кој подарил подарок
- -Опис на подарокот
- -Вредноста на дадениот односно примен подарок
- -Повод - пригода за давање - примање на подарокот
- -Датум на подарување
- -Датум на прием на подарокот

Претседателот на судот определува кое лице ке биде задолжено да води евиденција за дадените и примените подароци.

Овластеното лице ги внесува податоците во евиденцијата истиот ден кога ке му достават известување/пријава за даден односно примен подарок.

Член12

Примените подароци кои остануват во сопственост на судот се чуваат во погодна просторија на судот, музеј, библиотека или друга јавна установа.

## НАЧИН НА ПОСТАПУВАЊЕ СО ПОГОДНОСТИ

Член 13

Претседателот на судот, судиите и судската служба , не смее да прифатат било каква погодност во врска со вршењето на својата служба, а доколку добијат понуда за погодности истата треба веднаш да ја одбијат и за тоа веднаш да се извести Државната комисија за спречување корупција.

Во смисла на став 1 на овој член, наведените лица не смеат да прифатат нематеријално добро кое вклучува повластен третман, привилегиран третман, услуга или друга погодност, лични услуги, покани за спортски и други настани со забавен карактер кои носат лична придобивка.

## НАЧИН НА ПОСТАПУВАЊЕ СО ГОСТОПРИМСТВА

член 14

Начинот на постапување на Претседателот на судот, судиите и судската служба со давање и прифакање на гостопримства треба да се заснова на принципите на разумност и транспарентност.

При постапувањето со гостопримства, наведените лица во став 1 од овој член, имаат обврска:

- на примерно и достоинствено однесување
- да се избегнува секое однесување кое би го довело во прашање угледот на судот
- да се избегне однесување кое е во судир со етичките норми и со кое би се влијаело на непристрасно и професионално однесување во службата
- да внимава на личниот и институционалниот углед, доколку прифати гостопримство без оглед на малата вредност на понудата
- разумнио да процени дали треба да ја прифати секоја покана особено поагајки од принципот на заштита на сопствениот и институционалниот интегритет
- да ја почитува финансиската дисциплина за трошење на буџетски средства на судот, правилно да управува со нив, да не превзема дејствија на ненаменско трошење на буџетските средства.
- да се спотистави на секаков обид на нудење или прифакање на гостопримство сторено на дискретен начин.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За се што е предвидено во овој Правилник важат одредбите од позитивните законски прописи.

Оваа процедура влегува во сила со денот на нејзиното донесување и ке биде јавно достапна преку објава на веб страната на Апелационен суд Штип.

Претседателот на Апелационен суд Штип,
судијаТони Делев